РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО - СКОПЈЕ**

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Ss. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
**NSTITUTE OF ANIMAL AND FISHERY SCIENCE - SKOPJE**

Врз основа на член 113 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/2021) и член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/2019 и 14/2020) и член 44, став 1, точка 39 од Статутот на Институтот за сточарство и рибарство - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019 и бр.645/2023), Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на 92. седница одржана на 7.6.2023 година, донесе

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. Кирил и Методиј
Институт за сточарство и рибарство
-Скопје
Бр. 02-323/6
7.6. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК

## за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Институт за сточарство и рибарство – Скопје (Анекс бр. 28)

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје–Институтот за сточарство во Скопје (Анекс бр. 28), бр.02-21/1 од 25.1.2021 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје–Институт за сточарство и рибарство - Скопје со бр.02-667/2 од 6.12.2022 година (Универзитетски гласник бр. 551/2021 и бр.551/2023-анекс) (во понатамошниот текст: Правилник).

### Член 2

Во Дел 2, во глава III Распоред на работни места на ненаставниот кадар, во членот 8 зборовите „10 (десет)“ се менуваат со зборовите „11 (единаесет)“.

Во табела од член 8, во делот на систематизираните работни места после нивото В1 се додава ново ниво В2 за кое во систематизирани се пишува бројот „1“, во пополнети „/“, а во вкупно систематизирани бројот „10“ се менува во „11“.

### Член 3

Во членот 11, став 1 , точка а) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

„- за нивото В2 – ниво на квалификациите VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен , односно VI степен “.

Алинејата 2 станува алинеја 3.

Во член 11, став 1 , точка б) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

„- за нивото В2 – најмалку две години работно искуство во струката;“.

Алинејата 2 станува алинеја 3.

### Член 4

Во Прилог 2, Табеларен приказ на работни места на ненаставниот кадар, после реден број 3 се додава нов реден број 3 А:

| | |
|---|---|
| **Реден број:** | 3 А |
| **Шифра:** | ОБН 01 02 В02 011 |
| **Ниво:** | В02 |
| **Звање:** | Виш соработник за финансиско, сметководствено материјално работење |
| **Назив на работното место:** | Сметководител |
| **Број на извршители:** | 1 |
| **Вид на образование:** | Подрачје: општествени науки<br>Научно поле: економски науки |
| **Други посебни услови:** | |
| **Работни цели:** | ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работи и работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на институцијата и задачи од делокругот на организационата единица, во насока на поддршка за прашања поврзани со финансиското, сметководственото и материјалното работење. |
| **Работни задачи и обврски:** | - врши работи од областа на финансиското, сметководственото и материјалното работење;<br>- ги следи и ги применува прописите од финансиското, сметководственото и материјалното работење;<br>- прибира информации и податоци, стручни анализи и сл.;<br>- учествува со предлози во изработка на планот за работа во делот на финансиското, сметководственото и материјалното работење;<br>- изготвува извештај за напредокот во работењето. |
| **Одговара пред:** | Секретарот на Институтот. |

**Член 5**

Во Прилог 3, Табеларен преглед на работни места, во делот ниво – ненаставен кадар, под нивото В1 се додава нов ред со ниво В2 со број на систематизирани работни места „1“ а пополнети работни места „/“ и во вкупно систематизиран работни места бројот „7“ се менува со бројот „8“.

**Член 6**

Согласност на овој Правилник даваат Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и ќе започне да се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
Проф. д-р Родне Настова

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје Институт за сточарство и рибарство Република Северна Македонија